UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

# BALCANOSLAVICA
# 47

2018

**vol. 47**
**Issue 2**

BALCANOSLAVICA VOLUME 47, ISSUE 2, pag. 1-385, PRILEP, 2018

# КОН ЕТИМОЛОГИЈАТА НА ИМЕТО НА ГРАДОТ ПРИЛЕП

**Емилија НЕШКОСКА**
Филозофски факултет во Љубљана,
Универзитет во Љубљана
emillyneshko@gmail.com

прегледен научен труд
прифатен: 25.04.2020
УДК 94:811.163.3'373.219(497.775)

**Апстракт:** *Предмет на истражување на оваа научна работа е потеклото на името на градот Прилеп. Во овој труд ќе бидат опфатени и некои факти кои сведочат за историјата и за местоположбата на стариот град, но пред сè истражувањето е насочено кон првичната семантичка мотивација на името. Во излагањето ќе бидат разгледани можните етимолошки толкувања поврзани со потеклото на името.*

**Клучни зборови:** *етимолошки толкувања, ојконимија, семантичка мотивација.*

Денешниот град *Прилеп* е место кое се наоѓа во источниот дел од Прилепското Поле и е познат и како градот под Марковите Кули. Над градот се издига тврдината Маркови Кули, престолнината на Крали Марко. Средновековниот град *Прилеп*, пак, се наоѓал 3–5 км северозападно од центарот на современиот град. Под стариот град се наоѓа населбата Варош, на надморска височина од околу 700 м. Како што пишува Хаџи-Васиљевић,[1] Варош означувал една од најстарите населби, но и составен дел од средновековниот град, па затоа варошани се сметаат за најстари граѓани.

Најстарите траги од животот на луѓето на просторот на средновековниот град, во форма на остатоци од куќи, гробови и многубројни керамички садови, му припаѓаат на неолитскиот и бронзениот период.[2] Споменуван е и како градот каде што Самоил по катастрофалниот пораз на Беласица во 1014 година се повлекува и таму ги дочекува своите 14000 ослепени војници. Најмногу податоци за овој град има од времето на владеењето на српскиот цар Душан (1331–1355). Од Душановите повелби кои се дадени на манастирот Трескавец дознаваме дека населението во Прилеп го празнувал празникот Св. Димитрија. Уште еден јунак кој владеел со Прилеп е Волкашин (1366–1371) кој ја добива титулата деспот. По

1 Јован Хаџи-Васиљевић, *Прилеп и његова околина (Историјско-географска излагања)*. (Београд: Издање Чупићеве задужбине, 1902), 63.

2 Бошко, Бабиќ, *Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп*. Прилог за историјата на културата на македонскиот народ. (Прилеп: Институт за истражување на старословенската култура, 1986), 14.

смртта на Волкашин, за крал на средновековниот град се прогласува неговиот син, кралот Марко. По доаѓањето на Турците, Прилеп потпаѓа под турска власт, особено по Маричката битка на 26 октомври 1371 г. Во тоа време кралот Марко станува вазал на Османлиите и владее со градот. По дваесет и четиригодишно владеење со Прилеп, Крали Марко загинува на 17 мај 1395 г. во битката кај Ровиње (Влашко). По уништувањето на средновековниот град, во XIV век Турците почнуваат да се населуваат во низините, каде што почнува оформувањето на денешниот град, најпрво како турска населба, а потоа со доаѓањето на христијанското население, населбата прераснува во град.

До почетокот на XI век за Прилеп нема податоци од пишани извори. Првиот запис за градот бил забележан двапати во Кратката историја *Σύνοψις ιστοριών* на писателот Јован Скилица, и тоа во последните денови од животот на цар Самоил, октомври 1014 г. и непосредно пред неговата смрт, како тврдина *γρουριον Πρίλαπον*.[3] Името е споменувано и во византиските пишани извори од XI век, во записот на византискиот цар Василиј II за правата на Охридската архиепископија како *τὸν Πρίλαπον*[4]. Прилеп е споменуван и во словенските извори од XIV век: ... и градь глаголеми прилѣпъ... и метохь ѹ прилѣпъ свети ѳеωдори сь людьми...[5] Оттука следува дека градот и името се значително постари од времето на владеењето на кралот Марко. Имено, името *Πρίλαπον* од 1014 г. е *terminus ante quem*, а тоа значи дека првпат било запишано во 1014 г., но со сигурност постоело и претходно.

Од најстарите записи за градот Прилеп од 1014 и 1018 г. може да се заклучи дека во тоа време Македонците гласот ѣ го изговарале широко – *ä, ea, ia* во зборови, како што се: дѣволъ – *Δεάβολι,* просѣкъ – *Πρόσακος,* сѫтѣска – *Σοντίασκος* и сл.[6] Името на градот било предмет на интерес на многу етимолози. Постојат различни толкувања за потеклото на името. Така, на пример, хрватскиот лингвист Петар Скок[7] ја споменува лексемата *lijep*, ст.сл. лєпъ која имала две значења: 1. Тоа што се примило (прилепило) за нешто; 2. Блато, најчесто кал помешана со плева што се лепи. Од глаголот е добиена глаголска именка *лепак*. Во овој контекст Скок го споменува и градот *Прилеп*, т.е. прасл. глагол **lěpī́ti* којшто потекнува од индоевропскиот корен **lei̯p-* со значење ‘се придржува’.[8] Овде ќе биде разгледано и етимолошкото толкување на Станковска[9] која вели дека името на градот настанало со топонимизација на географскиот термин *прилеп* од ст.сл. прилѣпъ со значење блатно, мочурливо место, односно место покрај блато. Според Станковска се работи за именско образување во кое се содржани предлогот при- ‘покрај’ и именката лѣпъ ‘блато’, што значи дека првобитната словенска населба се наоѓала покрај блато. Со тоа таа докажува дека во основата лежи предлошка врска: прилѣпѣ, а оттука се добива прилѣпъ ‘место покрај блато’. Меѓутоа, треба да се споменат карактеристиките на пр-

3 Бошко Бабиќ, *Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп.* Прилог за историјата на културата на македонскиот народ. (Прилеп: Институт за истражување на старословенската култура, 1986), 223.

4 Љубица Станковска, *Македонска ојконимија.* Книга втора. (Скопје: Метаморфоза, 1997), 217.

5 Владимир Мошин, *Споменици на средновековната и поновата историја на Македонија.* (Скопје: Архив на Македонија, 1997), 77.

6 Йорданъ Ивановъ, *Българетѣ въ Македония. Издирвания и документи за тѣхното потекло, езикъ и народность съ етнографска карта и статистика.* (София: Издания на Българската академия на науките отъ фонда „Напредъкъ“, 1915), XXVI–XXVII .

7 Petar Skok, 1971. Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika. (Zagreb: Jugoslovenska akademija znanosti i umjetnosti, 1971), 297–298.

8 Marko Snoj, Slovenski etimološki slovar. (Ljubljana: ZRC SAZU, Inštitut za slovenski jezik, 2016), 377.

9 Љубица Станковска, Македонска ојконимија. Книга втора. (Скопје: Метаморфоза, 1997), 221.

вобитната словенска населба и да се опише начинот на градење на куќите. Имено, археологот Бошко Бабиќ дошол до значајни заклучоци кои укажуваат на фактот дека најрепрезентативната словенска населба којашто се наоѓала на тврдината Маркови Кули, потекнува од крајот на X или почетокот на XI век. Населбата ја сочинувале 100 куќи, а тие изгледале како да се прилепени за карпите. Со голема веројатност населбата го добила своето име *Прилеп* во IX или во X век.[10] Освен тоа, Бабиќ го изнесува и фактот дека куќите биле градени само од дрво. Дрвената градба на куќите била традиционална за Словените.[11] Куќите се состоеле од јами, вклепани во каменита подлога. Под Марковите Кули се регистирани многу кружни длабнатини за дрвени греди. На југоисточниот дел од терасата е пронајдена колиба залепена до површината на зарамнетата страна од камениот масив.[12]

Според горенаведените податоци, мислења и записи за потеклото на името на градот *Прилеп*, постојат две можни интерпретации. Првата можност укажува на тоа дека словенската населба под Марковите Кули се наоѓала покрај блато и дека во основата на името лежи именка и се работи за предлошка врска при лѣпѣ ‘покрај блато’. Другото можно толкување, пак, укажува на можноста дека во основата на името лежи глагол, односно станува збор за глаголска именка, образувана од глаголот прилѣпити (составен од префиксот при- и глаголот лѣпити ).

Ако се земат предвид наведените факти за местоположбата и за градбата на куќите, може да се каже дека првото етимолошко толкување има свои пропусти. Како што наведовме погоре, првобитната словенска населба се наоѓала на доста високо место, под тврдината Маркови Кули, на надморска височина од околу 700 м. Во такви услови мали се шансите за постоење блато на толку високо место. Во случај да постоело блато, треба да го земеме предвид фактот дека Пелагонија не била единствено место каде што некогаш постоела вода. Во тој случај најверојатно би се очекувало и останатите места коишто се наоѓале покрај блато, во своето име да ја содржат лексемата *леп*. Уште еден факт кој оди во прилог на непостоењето на блато, кал, се однесува на турското население по заземањето на тврдината Маркови Кули. Имено, Турците по потрага за плодно земјиште почнале да се населуваат во низините каде што постоеле реки и плодна почва.

Врз основа на изнесените аргументации, може да се констатира дека името на градот *Прилеп* има словенско потекло. Се работи за глаголска именка од глаголот прилѣпити, а неговата семантичка мотивација ја наоѓаме во изгледот на куќите. Значи, куќите биле градени така, што изгледале како да се прилепени за карпите.

---

10 Бошко Бабиќ, Културното богатство на Прилеп од V–XIX век. (Прилеп: Народен музеј, 1976), 7.

11 Бошко Бабиќ, Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп. Прилог за историјата на културата на македонскиот народ. (Прилеп: Институт за истражување на старословенската култура, 1986), 229.

12 Бошко Бабиќ, Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп. Прилог за историјата на културата на македонскиот народ. (Прилеп: Институт за истражување на старословенската култура, 1986), 33.

## SUMMARY

## TO THE ETYMOLOGY OF THE NAME OF THE CITY OF PRILEP

Emilija NEŠKOSKA

The article deals with the etymology of the geographical name of the city of *Prilep* located in southwestern Macedonia. The article provides possible etymological explanations of the toponym and information related to the history of the city. The original Slavic settlement was located at an altitude of 700 meters and it was 3–5 kilometers away from the present town of Prilep. The name is of Slavic origin, first recorded in the year 1014. This is the *terminus ante quem* which means the name existed before 1014. The geographical name Prilep basically is contained of a verb base and is consisted of the prefix пѹи- 'at' and the verb лѣпити 'glue'. It is a postverbal verb лѣпити 'glue'. The semantic motivation of the name is derived from the way the houses looked – like they were glued to the rocks.